Врз основа на член 18 од „Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта,, број 161 од 05.08. 2019 година и според член 5 и член 16 од Правилникот за доделување на признанија, пофалби и награди на Сојузот на просветни работници и член 156 од Статутот на училиштето,Училишниот одбор од СЕПУГС „ Васил Антевски - Дрен „ на ден 24.04.2023 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ ВО СЕПУГС„ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН“

## I Основни одредби

### Член 1

Со овој Правилник се утврдува наградување на наставниците вработени во СЕПУГС„Васил Антевски-Дрен“ Скопје, како и начинот и критериумите кои треба да се исполнат при изборот на најдобар/ри наставник/ци.

## II Наградување

### Член 2

Наставниците кои особено се истакнуваат во својата воспитно - образовна работа во наставата, наставниците кои го промовираат училиштето со својот вложен труд, оние кои посветуваат внимание на својата надоградба на професионален план и вложуваат во својот професионален раст и развој, можат да бидат наградувани.

### Член 3

Со наградувањето наставникот се стимулира да ја развива својата воспитно - образовна дејност на повисоко ниво, да ја зголемува вербата во сопствените способности и врз основа на тоа се дава признание за постигнатите успеси .

### Член 4

Критериуми кои треба да се земат во предвид при наградување на наставник/ци во СЕПУГС„Васил Антевски-Дрен“ Скопје се следниве: **(Член 16 од Правилникот за доделување на признанија, пофалби и награди , на Сојузот на просветни работници)**

1. Општи критериуми:

- да има подолг временски период (најмалку 15 години) поминат во воспитано – образовната дејност;

- ја познава предметната материја на која ги поучува учениците и знае како таа е поврзана со другите наставни предмети и ги следи новите сознанија од наставниот предмет;

- организира стимулативна средина за учење (пр. охрабрува различно мислење, има позитивен однос кон грешките и сл.);

- комуникацијата со учениците ја заснова врз почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања кои ги очекува и од своите ученици;

- ја почитува работната етика, одговорно се однесува кон задолженијата, поседува тимски дух, соработува и остварува комуникација и споделува информации со своите колеги и својата професионалност ја запазува во училиштето, но и надвор од него;

- да не е на раководна функција во момент на аплицирање-директор на училиште.

2. Посебни критериуми:

- планирање и подготовка на воспитно-образовната и другите видови професионална работа, реализирање на наставни и воннаставни активности, следење и оценувања на напредокот и постигањата на учениците и водење на педагошка документација и евиденција;

- менторство на ученици и наставници-приправници;

- учествува во реализација на испитите од државната матура, училишна матура, завршен испит, државни и меѓународни тестирања;

- добиено мислење од ученичката заедница, советот на родители и директорот на училиштето;

-- покажува исклучителни резултати во работата и афирмацијата на училиштето и професијата;

- да има остварени резултати во воспитно–образовната дејност со учениците;

- да зема учество во јавната и културна дејност на установата;

- да учествува во едукативни семинари;

- ги поврзува наставните содржини за постигнување на меѓупредметните цели во текот на сите воспитно-образовни активности;

- избира и подготвува активности, наставни средства, работни материјали и инструменти за следење на учениците во согласност со планираните цели;

- користи современи приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците;

- гради кај учениците лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата

- начините на работа ги прилагодува на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците;

- на учениците им пружаат помош во адаптирањето на училишната средина, соодветно на возраста;

- учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата;

- промовира доверба и разбирање за градење на партнерства со локалната заедница и семејствата;

- континуирано ја унапредува сопствената педагошка пракса врз основа на следењето на промените и новините во системот на образование;

- да има учествувано со ученици на натпревари и освоено соодветни награди ( општински, регионални, државни , меѓународни);

- да умее доследно да го претставува училиштето во разни манифестации , медиумски презентации , стручни расправи , научни собири , лични трудови , одбележувања.

-да учествува во реализација на проекти на локално, национално и меѓународно ниво;

- да учествува или раководи со стручни тела во училиштето,

- активно да учествува во процесите на модернизација на образованието на институционално ниво;

- да изработува самостојно или во тим, стручна литература и наставни помагала и наставни содржини на интерно ниво;

- да изработува самостојно или во тим интерни ( училишни ) програмски документи и членува во работа на училишни комисии;

Член 5

Наставникот кој во тековната година е избран за најдобар наставник и награден од Град Скопје, може повторно да се пријави на огласот за избор на најдобар наставник по истекот на две години последователно од годината во која ја има добиено наградата.

Член 6

Кандидатите за секој поставен критериум треба да поднесат оригинал документи на увид (кои по извршениот увид се враќаат) и фотокопии од оригинал документите (договор, решение, благодарница, сертификат, заверена изјава на нотар за извршена активност и сл.), кои се задржуваат за понатамошна обработка.

Член 7

Бодирањето во рамките на критериумите се врши според бодовната листа дадена во Инструментот за вреднување на исполнување на критериуми за селекција на кандидати за избор на најуспешен наставник, кој документ оди во прилог со Правилникот.

Член 8

Сите предлози на посочени наставници со нивните целосни документации, се доставуваат до Комисијата за избор и вреднување на наставник на годината, при СЕПУГС„Васил Антевски-Дрен“ Скопје.

Член 9

Комисијата за избор и вреднување на наставник на годината,е составена од пет члена именувани од страна на Директорот на училиштето и тоа еден член од стручната служба и останатите членови се од редот на наставниците.

Доколку член на Комисјата за избор и вреднување на наставник на годината се јави како апликант, директорот е обврзан да назначи соодветна замена.

Член 10

Обврски на Комисијата се:

- уредно да ги прими сите предлози – апликации и доставената документација;

- да ги провери доставените податоци од педагошката евиденција;

- да го разгледа професионалното досие на апликантите, целосната документација и приложените докази;

- да ги интерпретира резултатите од спроведените анкети од страна на Комисијата;

- да го изврши бодувањето согласно инструментот за вреднување на исполнувањето на критериуми за селекција на кандидати за избор на најуспешен наставник во училиштето и истите да ги достави на разгледување до Наставничкиот совет.

Член 11

Кандидатите во рок од 7 дена од денот на објавување на конкурсот за избор на наставник во училиштето, ја доставуваат потребната документација до Комисијата за избор и вреднување, која во рок од 7 дена ги разгледува доставените документации од кандидатите, врши бодување според приложениот инструмент за бодување и објавува ранг листа.

Член 12

При изборот на Наставник на годината, при ист број на бодови, приоритет ќе има кандидатот кој има остварено подог работен стаж во образование како наставник.

Член 13

На кандидатот со освоени најмногу бодови кој ги задоволува критериумите за избор на наставник кој треба да биде награден, одлука на пофалба и/или награда носи училишниот одбор на предлог на наставничкиот совет, а по претходно добиено мислење од ученичката заедница, советот на родители и директорот на училиштето. **( Член 18 . ст.2 од „Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта)**

Член 14

Доделувањето на наградите се врши на свечен начин во просториите на Град Скопје од страна на градоначалникот на Град Скопје.

Претседател на
Училишен одбор,

__________________________

Светлана Велјаноска

Прилог кон Правилникот

**ИНСТРУМЕНТ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ ЗА ИЗБОР НА НАЈУСПЕШЕН НАСТАВНИК ВО СЕПУГС„ВАСИЛ АНТЕВСКИ – ДРЕН“**

## I. Настава и работа со ученици

1. Реализира сопствен професионален развој-учество во обуки и семинари од областа на воспитно образовната работа

    - Од една до три........................................................................................ 1 бод
    - Над три.................................................................................................... 2 бода

    Доказ: сертификати, професионално досие

2. Се стекнал со повисоко ниво на образование

    - Магистер на науки................................................................................. 1 бод
    - Доктор на науки............................................................................. .............2бода
    - друга стручна надоградба – (на пр.правосуден, лектор, лиценца...... ).. 1 бод

    Доказ: сертификати, професионално досие

3. Следи, применува и ги запознава учениците со нови сознанија и измени во наставниот предмет
    - Солидно..................................................................................................... 2 бода
    - Добро.......................................................................................................... 1 бод

    Доказ- податоци од стручна служба (дневна подготовка), анкета на ученици и родители

4. Избира и применува инструменти и стратегии за оценување соодветни на целите
    - Солидно..................................................................................................... 2 бода
    - Добро..........................................................................................................1 бод

    Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

5. Користи современа технологија, приоди и методи кои се во согласност со целите на наставата, потребите и можностите на учениците;
    - Солидно.....................................................................................................2 бода
    - Добро ..........................................................................................................1 бод

    Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

6. Организира стимулативна средина за учење (пр. охрабрува различно мислење, има позитивен однос кон грешките и сл.);
   - Солидно ........................................................................................ 2 бода
   - Добро...........................................................................................1 бод

   Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

7. На учениците им помага во адаптирањето на училишната средина, соодветно на возраста;
   - Солидно........................................................................................ 2 бода
   - Добро ...........................................................................................1 бод

   Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

8. Учествува во процесот на идентификација на специфичните образовни потреби заедно со стручната служба и користи различни методи за диференцијација и индивидуализација на наставата;
   - Солидно ........................................................................................2 бода
   - Добро ...........................................................................................1 бод

   Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

9. Реализира вонаставни активности со ученици

   - Од една до три ..........................................................................1 бод
   - Над три........................................................................................ 2 бода

   Доказ : извештаи, барања за посети до институции со потврден одговор за реализација на истата

10. Промовира доверба и разбирање за градење на партнерства со локалната заедница и семејствата;
    - Солидно ........................................................................................2 бода
    - Добро ...........................................................................................1 бод

    Доказ- податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

11. Гради кај учениците лични стандарди за успех, позитивен став кон учењето и надвор од наставата
    - Солидно........................................................................................ 2 бода
    - Добро...........................................................................................1 бод

    Доказ: податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

12. Начините на работа ги прилагодува на развојните карактеристики и стилови и стратегии на учење на учениците;
    - Солидно ........................................................................................2 бода
    - Добро ........................................................................................... 1 бод

    Доказ: податоци од стручна служба, анкета на ученици и родители

13. Менторира наставник-приправник ..................................................................1 бод

Доказ : одлука

14. Учествува во реализација на државната матура и завршен испит.................. 1 бод
Доказ : управен акт

## II. Работа во стручни тела во училиштето ( во момент на аплицирање)

1. Учество во работа на стручен актив
- Раководи..........................................................................................2 бода
- Активно учествува.........................................................................1 бод
Доказ: записник од одржан состанок на актив

2. Член на Училишна матурска комисија....................................................... 1 бод

Доказ: одлука

3. Член на Училишен одбор ..........................................................................1 бод
Доказ : одлука

4. Други задолженија и функции во училиштето (пописни комисии, комисија за јавни набавки, самоеваулација, комисија за изработка на интерни акти во училиштето, записничар на наставнички совет и други)

Од една до три функции...................................................................3 бода
Над три функции ..........................................................................5 бода

Доказ: одлука

## III. Наставни материјали и образовни содржини

1. Изработка на учебник

- Автор на учебник/ци ........................................................................ 6 бода
- Ко-автор на учебник/ци ................................................................ 4 бода
- Рецензент на учебник/ци............................................................... 3 бода
- Автор на прирачник........................................................................2 бода
- Ко-автор на прирачник...................................................................1 бод
- Доказ: одлука за одобрен учебник и или договор за пренос на материјално авторско право за учебник склучен меѓу МОН и авторот/коавторот

2. Наставни материјали за интерна употреба

- Автор на наставни материјали................................................................ 2 бода
- ко-автор на наставни материјали ............................................................ 1 бод
- Доказ: наставен материјал

3. Програма за феријална практика ..................................................................... 1 бод

   Доказ: усвоена програма

4. Наставна програма за Содржини програмирани од училиштето

- Автор ........................................................................................................... 2 бода
- Ко-автор ...................................................................................................... 1 бод

Доказ: одобрена програма

## IV. Натпревари и Проекти

1. Учество и освоени награди од натпревари ( се бодува максимално постигнатиот резултат од учество во еден циклус на натпревари)

- Учество на општински натпревари ............................................................1 бод

- Освоени награди од општински натпревари ...........................................2 бода
- Учество на регионални натпревари ...........................................................1 бод
- Освоени награди од регионални натпревари ..........................................2 бода
- Учество на државни натпревари................................................................2 бода
- Освоени награди од државни натпревари ................................................3 бода
- Учество на меѓународни натпревари .......................................................3 бода
- Освоени награди на меѓународни натпревари.........................................4 бода

Доказ: сертификати, пофалници

2. Учество во проекти

   1. проекти на локално ниво

- Раководи.................................................................................................. 2 бода
- Учествува................................................................................................. 1 бод

   2. проекти на национално ниво

- Раководи .................................................................................................. 3 бода
- Учествува.................................................................................................. 2 бода

   3. проекти на меѓународно ниво

- Раководи ........................................................................................... 4 бода
- Учествува........................................................................................... 3 бода

Доказ: серификати, благодарници

## V. Унапредување на работата на училиштето и училишната клима

1. Ја почитува професионална етика и одговорно се однесува кон задолженијата
   -Задоволително........................................................................... 1бод

   Доказ: анкета на наставници

2. Има колегијален однос кон сите вработени
   -Задоволително ........................................................................... 1 бод

   Доказ: анкета на наставници

3. Води сметка за достоинствено претставување на училиштето во пошироката јавност
   -Задоволително........................................................................... 1бод

   Доказ: анкета на наставници

4. Да зема учество во јавната и културна дејност на установата;

   -Задоволително........................................................................... 1бод

   Доказ: професионално досие и педагошка евиденција

## VI. Работа на унапредување на системот на образование

1. Учествува во изработка на стандарди на занимања и стандарди на квалификација........................................................................... 3 бода
   Доказ: Договор

2. Учествува во изработка на Наставен план ..........................................3 бода
   Доказ: Договор

3. Учествува во изработка на Наставна програма според Наставен план
   ........................................................................................... 3 бода
   Доказ: Договор

4. Учествува во работни групи поддржани на национално ниво од обласа на воспитно образовниот процес ............................................................... 2 бода
   Доказ:, благодарница сертификат, пофалница

5. Реализира обуки и семинари за проблематики од национален воспитно-образовен интерес......................................................................... 2 бода
   Доказ:, благодарница сертификат, пофалница

Претседател на
Училишен одбор,

_________________________

Светлана Велјаноска